**О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А**

Врз основа на член 50 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и точка 5 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22 Градоначалникот на Општина Гази Баба објавува

# Ј А В Е Н  П О В И К

**за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2023 година**

## 1. Опис на Јавниот повик

Предмет на јавниот повик е надоместување до 50% од трошоците за купен и вграден уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото, но не повеќе од 18.000 денари без вклучен персонален данок на доход по возило. Персоналниот данок на доход е на товар на Општина Гази Баба.

Согласно Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година..

Ќе бидат надоместувани само дел од трошоците за купен и вграден уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото, настанати по денот на објавување на овој јавен повик.

Надоместок на дел од трошоците за купен и вграден уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото, ќе се врши за само 1 (едно) возило во семејство.

Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето до **30.11.2023 година**, односно се до исцрпување на финансиски средства наменети за оваа намена од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Јавниот повик е објавен на web страната на Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk), во два печатени медиуми.

## 2. Услови за учество на Јавниот повик

Право на учество на јавниот повик имаат физички лица, сопственици на возила произведени од **01.01.2007 година**, кои ќе извршат купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата.

Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- Да е жител на подрачјето на општина Гази Баба;
- Адресата наведена во барањето да се совпаѓа со адресата од важечка лична карта на барателот наведена при пополнување на барањето,

- Возилото во кое е вграден уредот за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата да биде во сопственост на барателот.

## 3. Документација потребна за пријавување

- Пополнето барање, кое  може да се подигне од писарницата на општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk);
- Изјава за веродостојноста на податоците и верноста на приложената документација, заверена на нотар под морална и материјална одговорност, која може да се подигне од писарницата на општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk);
- Фискална сметка (во оригинал), или фактура (во оригинал) со извод од деловна банка за извршено плаќање за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, издадени по денот на објавување на јавниот повик;
- Фотокопија од сообраќајната дозвола за возилото, во која е евидентирана промената (вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото), и потврда за вграден уред за погон на течен нафтен гас или компримиран земјен гас во возилото, издадена од правниот субјект кој го извршил вградувањето,
- Фотокопија од лична карта и
- Фотокопија од трансакциска сметка на подносителот.

## 4. Начин на пријавување на Јавниот повик

Барањата заедно со потребната документација се доставуваат во затворен плик до општина Гази Баба, ул.”Архимедова” бр.2, Скопје, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

На пликот треба да стои:

До Општина Гази Баба
За "Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, за граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година", со назнака "НЕ ОТВОРАЈ".

Секој барател има право да поднесе барање за само едно возило во семејство.

При поднесување на барањето, барателот од писарницата на општина Гази Баба добива архивски број со датумот и време на поднесување на барањето.

Доколку барањето се доставува преку пошта како датум на поднесување на барањето ќе се смета датумот кога барањето е пристигнато и заведено во писарницата на општина Гази Баба.

Разгледувањето и изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени со јавниот повик, ќе се прави по принципот "ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ УСЛУЖЕН" односно по редослед на поднесување и пристигнување на барањата во писарницата на општина Гази Баба.

Доколку средствата се исцрпат додека се уште трае јавниот повик, општина Гази Баба ќе објави известување за исцрпување на расположивите средства на својата веб страна (www.gazibaba.gov.mk).

Барањата кои се некомплетни ќе бидат одбиени.

Барањата кои ќе пристигнат по завршување на рокот за аплицирање и по затварање на Јавниот повик нема да бидат разгледувани.

## 5. Начин на остварување на правото на надоместок

За утврдување на исполнувањето на условите согласно точка 3 на јавниот повик, Градоначалникот на општина Гази Баба формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, за граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година.

Градоначалникот на општина Гази Баба на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на барањето на барателите кои ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

Градоначалникот на општина Гази Баба на предлог на Комисијата ќе ги извести за неусвојување на барањето, барателите кои не ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**